# Зарем не гореа срцата наши



Тања Плавшиќ Битољану

“Зарем не сме ние одгледувачи на гнев? Зарем не сме сите ние одгледувачи на злото?... Зарем не се преправаме повикувајќи Го Бога? Наместо Божји чеда зарем не станавме деца на пеколот?”

“Никој нека не се лути кога ќе ја чуе вистината” - ја укорува Црквата од неговото време Св. Максим Исповедник. Звучи срцезамрзнувачки познато, вртам брзо поведри сајтови: Црквичка под снег, залез над манастир, камбана со прелет на птица... Православни чеда од цела екумена избираат најфотографија на месецот. Меѓу нив познат лик: Св. Никодим Прилепски и Тисмански. Фреска пред која застанувам со наведната глава во безбројните литургиски утра...

Некои нови иконоборци не ми го делат мислењето. За нив фреската е неканонска, ако воопшто е фреска...

Светецот од 14. век ги надминал локалните граници. Роден во Македонија, почитуван во Романија како просветител и основач на манастири, на покана на кнез Лазар помага во дипломатската мисија за помирување на Српската и Цариградска Патријаршија... *Не е во прашање кој е на фреската. Прашањето е дали тоа е фреска?* - Им одговара, на лош англиски, *гласот* од Србија на кириличните браќа од Македонија.

Манастирот на Св. Никола на Скопска Црна Гора, од каде потекнува инкриминираната фреска, го доживував во почетокот како ранет простор, без да му ја почувствувам благодатната енергија. Не знам... можеби за тоа придонесе наметнатиот литургиски вакуум во комунизмот, или зурлите и тапаните со кои народот ги празнуваше своите празници во манастирите со постава од дојденци... Откако вистински се осамостоивме, секое доаѓање беше борба со плевел и трње. Собирање камења и ѓубре. Чистење трошни конаци што се нишаа при секој невнимателен чекор. Пробивање патеки низ снегот, често длабок над колиници...

*За сега, поради нерешениот статус на МПЦ и расколот со Охридската архиепископија на сајтот се праќаат само слики на објекти создадени пред расколот* - се префрлува наеднаш на кирилица *Гласот*, прогласувајќи ја за Охридска архиепископија онаа творба вчера никната во пазувите на МПЦ, залепувајќи ни на сите други расколничка етикета.

Нова Година. Сами сме со сестра М., завеани и отсечени од светот. Таа пронаоѓа дрвени боички и картон, јас се осмелувам, со нејзин благослов, да го нацртам ликот на Св. Никола, а не знаев дали воопшто умеам да цртам. Други, поталентирани и едуцирани правеа мозаици, икони, фрески...

*Фреската може да се избрише* - сугерира *Гласот, и на нејзино место да се испрати нова...* Тивки гласови од Романија и Србија ја бендисуваат фреската...

Не бевме родени и растени во сенката на некоја катедрала. На бочниот ѕид од Офицерски дом ни прожектираа воени и ударнички филмови. Вапцани велигденски јајца рашетуваа ретките среќници во чии домови се славеше празникот. Св. Никола, манастирот со името на светецот од нивното детство, почна да нè прибира сите. Долу учевме математика и јазици, возење точак и компјутери, горе учевме за љубовта Божја и смислата на постоењето. Над магливите градски утра и дивината на планината, блесна одново белината на старата Црквичка. Облеана со сонце, нејзината мистична територија како да се протегаше и од онаа страна на дворот, како да допираше далеку во надворешниот свет.

*Гласот* од сајтот нè бутка долу, во безблагодатната празнина, во предкршталниот мрак. Бара фреската да ја освети канонски Владика. Оној кој не наведнал глава пред никој од Црквата во која е крстен, миропомазан и ракоположен. Оној кој својата матична Црква пред три години ја прогласи за расколничка за да почне да сослужува со други. Оној кој по грчки сајтови го нарекуваат “инсталација на СПЦ”.

„Играле се делије насред земље Србије"-трешти музика во периферискo самопослужување во моето маало. „Што имаш против?" - ми се внесува во лице шефот и не ја намалува мобилизаторската песна во време кога се водеа војни на просторите на бившата ни татковина...

Од селото и автобуската станица има неколку километри низ планина и угорница до Црквичката и литургиите што често завршуваат пред да почнат часовите на училиште и пред да започне работното време... Па сепак, одејќи во група береме букети синевина за пред светиите...

Сајтот нè подели на “ваши” и “наши”. Во поделбата беа вовлечени многу души од Србија и Македонија... Навики, ставови, вредности, потреби, желби... Внатрешен компјутер што оди заедно со нас... Родители, заедница, патриотизам... А само едно е потребно...

2001. Време воено. Жежок летен ден. Насловните страници на весниците осамнаа со масакрирани фрески од Матејче. На светците им беа доцртани очила, цигари, УЧК беџови... Ни дома ни на работа знаат дека одам да ја видам Црквичката. Не знае ни сестра Е. зашто инаку би излегла да ме пречека, или, сепак, не би го оставила сам манастирот? Безмилосно врелото пладне се оптегнало, нема скршнувања во сенка - на зелени површини или пречици...

Внатрешниот компјутер слепо инсистира да се реконструира релноста, за да ја потчини на неговите наредби, за да има лажен мир. Инаку ве полни со болка и неспокој. Дури и сѐ да е како што сака тој, нешто ќе искрсне... Телефонскиот вод се сервисира, интернетот е исклучен, автобусот избегал... А САМО ЕДНО Е ПОТРЕБНО...

*Гласот* од сајтот објавува дека поседува некои убави фотографии од разурнат Манастир и “канонски Владика во затвор”, но не знае дали ќе им се допаднат на сите. И навистина, дали при гласањето би поминале исто како фотографијата на Св. Никодим?

Свети Оче Никодиме, моли Го Бога за нас!

Бог се грижи за доброто на сите. Следбениците негови за поширокото човечко семејство. Зошто ги држиме другите во тесно? Од омраза или страв што Кант го има така добро доловено: да се живее во себезатворените еднооки киклопи, со постојана потреба од уште едно око за да се видат и другите... Обратната перспектива е втората природа на слабите во средба со посилните: да се видат другите низ нивните очи, и да се видиме себеси низ очите на другите...

*Гласот* се колеба дали македонската паства да ја нарече еретици или шизматици на ивица на ерес, заради грст луѓе кои во туѓи епархии наумиле да прават Црква...

„Јас знам кој сум. И доста ми е од оние кои на другите им кажуваат кои се тие самите“ - продолжува пресметката на сајтот која веќе не ме допира...

Ѕидање со живи камења. Космичка димензија на Црквата. Макро и микрокосмос. Луѓе кои ПОВЕРУВАЛЕ. Сѐ друго е политика. Ситните гестови на црковните великодостојници ќе се изгубат во историјата. Останува Словото, богослужбите, народот Божји... Тоа е вистинската Црква, макар и нагрдена од човечки гревови. Внатре е Христос, Бог Кој прифатил да биде меѓу грешници, митари, блудници... „зашто здравите немаат потреба од лекар“. Кој добар пастир нема да ги остави сите овци за да тргне по едната загубена? Тоа го бара икономијата-севкупното дело на спасението.

„Јован Вранишковски е Егзарх на Српскиот патријарх за Охридската архиепископија, со адреса во Битола и место на дејствување во Велес и Повардарие“ - пишува во германски католички каталог на Православни Цркви. Во делот за Македонија стои МПЦ, со адресата на Македонската архиепископија во Скопје со сите нејзини владици.

Во Словото на Вистината ме воведе Старец со сострадална пастирска грижа, себераспнување... Јас веќе не сум своја... Како поклоник минувам низ градови-сведоштва, градови-евангелија, градови на Горета, небесните градови на Св. Августин...

Страниците на Новиот Свет ќе ги соберат сите племиња и јазици. Зарем тогаш е важно распнувањето низ кое сега поминуваме? Моето срце е веќе таму каде што телесниот остаток лесно ќе го следи...

Господи Исусе Христе помилуј нѐ!